

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претст авиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините...***
***кои се во „Библискиот речник“:***
**Идол**
***- предмет***
***изработен од сите***
***достапни***
***материјали: камен, злато, сребро,***
***дрво... до***
**Иродијада**
-
***ќерка на Аристобул***

**Идол** - предмет за обожување, во форма на лик или слика. Се изработувал од сите достапни материјали: камен, злато, сребро, дрво, коски, железо. Величината во која се изработувале идолите истотака била најразлична, како и ликовите што ги претставувале:

бикови, телиња, змии и човечки глави (3Мој26т1). Еврејските пророци остро го отфрлале идолопоклонството.

**Идолопоклонство** - Евреите смеат да го обожуваат само својот Бог, како единствен Бог, а сите други култови на други богови, поклонувањето на другите богови, идоли и фетиши е идолопоклонство и е најстрого забрането. Тоа е посебно нагласено во првите две Божји заповеди {2 Мој 20,3-5).

**Идумеја** - палестинска покраина, во новозаветно време, а се протега кон југозапад на Мртвото Море. Подрачјето на Идумеја не се поклопува во потполност со некогашниот Едом. Оттаму потекнува династијатана Иродовците. Многумина од овој крај заминувале далеку на југ во Галилеја да го видат Исус (Мк 3,8).

**Иевлам** (Ивлеам) - Ханаански град на северната граница на Манасија, чии жители не биле протерани од Израелците (Суд 1 т27).

**Извештај за создавањсто** - Даден во 1 Книга Мојсеева во првата и втората глава, во кој се опишува начинот на кој Бог го создал светот, се живо и неживо и човекот.

**Извор** - поради специфичната географска структура на земјиштето во Палестина, населението се снабдувало со вода првенствено од извори; некои од нив се спомнуваат во СП по име.

**Израел** - *човек кој се бори со Бог;* името што ангелот му го дал на Јаков на потокот Јавок, непосредно пред состанувањето со брат му Исав, а на крајот од тешката ноќна борба со непознатото битие (1 Мој 32,22-32). Неговите дванаесет синови се зачетници на дванаесетте племиња израелски; изразот, пак „синови израелски" ги означува сите Евреи (1 Мој 34,7; 2 Мој 32,4; 5 Мој 4,1). Првиот израелски цар бил Саул. После него дошол далеку помоќниот Давид, кого пак го наследил син му Соломон. По неговата смрт царството се распаѓа на Јужно - Јудеја и северно - Израел. Израел било поголемото ипомоќното царство, составено од десет племиња, со двојно побројно население од Јудиното царство и три пати повеќе земја и обработлива почва. Главниот град бил Сихем, а потоа Тирса и Самарија, изградена од Амриј (3 Цар 12,25; 14,17; 15,21; 16,23-24). Зем]ата се збогатила преку трговија, зашто низ неа минувале значајни трговски патишта. Таквата состојба траела околу 200 години, се’ до освојувањето на Асирците во 721 г.пр.И.Х. Племињата биле раселени низ Асирија и Северното царство. Никогаш повеќе не се обновило. Под истото име се појавила втората држава, денешниот Израел, во 1948 г.; в. Цареви јудини и Цареви израелски.


Israel Today
Political Map
LEBANON
DAMASCUS
SYRIA
GOLAN HEIGHTS
Mediterranean Sea
(The Great Sea)
Haifa
Nazareth
Tel Aviv-Yafo
WEST BANK
JERUSALEM
AMMAN
Jericho
GAZA STRIP
SAUDI
ARABIA
ISRAEL
EGYPT
JORDAN
Beersheba
Port Said
Suez
Red Sea

[illegible]



[illegible]



□□



Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**